# P13 АСОЦИРАНОСТ НА ВРЕМЕТО НА ПОЈАВА НА АСТМА И КЛИНИЧКИОТ ИСХОД КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ХРОНИЧЕН РИНОСИНУЗИТ

И. Ангеловска, Д. Докиќ, Б.Ј. Ќаева, З. Арсовски, С. Пејковска, С. Арбутина, Д. Каркински, А. Дебрешлиоска, С. Јованоски, М. Милетиќ, И. Исмаили, А. Груева, О. Крстиќ Наковска, Б. Попоска

Универзитетска Клиника за Пулмологија и Алергологија- Скопје, Република Македонија

**Вовед:** Хроничниот риносинузит е превалентно заболување кое има изразена поврзаност со астмата. Асоцираноста на овие две состојби како и концептот на двонасоност е докажан со голем број студии .

**Цел:** Да се одреди времето на појава на астма како и да се спореди клиничкиот исход кај рано и доцно појавена астма кај пациенти со хроничен риносинузит.

**Материјали и методи:** Во студијата беа вклучени 69 пациенти со дијагноза на хроничен риносинузит и астма од амбулансткиот дел на Клиниката за Пулмологија и алергологија,Скопје во период од 19.06.2018-19.06.2019 година. Податоците беа ретроскпективно-проспективно обработени. Пациентите ги пополнуваа тестот за контрола на астмата (Asthma control test) и прашалникот за симптоми и исход кај хроничен риносинузит со 22 прашања (SNOT -22), дава податок за возрат на дијагностицирање на астмата, пушење, упртреба на лекови, постоење на атопија,одредуван беше боди мас индексот и присуство на назални полипи .Беа дефинирани две групи на пациенти: пациенти со рано- појавена астма (пред 18 годишна возраст) и доцно- појавена астма (по 18 годишна возраст).

**Резултати:** Од вкупно прегледана документација на 113 пациенти со дијагностицирана астма, 69 беа со хроничен риносинузит. Од нив 52 пациенти беа со доцно- појавена астма (75%) и 17 со рано-појавена астма (25%). 21 беа со документирана алергија на инхалторни алергени. Во групата на доцно- појавена астма имаше поголема асоцираност со прекумерна ТТ. Кај групата со доцно-појавена астма имаше поголемо присуство на назални полипи како и почесто користење на орални кортикостероиди за намалување на симптомите на хроничен синузит во однос на групата со рано-појавена астма.

**Заклучок:** Изразена поврзаност на хроничен риносинузит со астма е потврдена и со оваа студија во нашата терциерна установа (преваленца 61%). Се докажа позитивна асоцираност на хроничен

ПОСТЕРИ



Scanned with CamScanner